Бр./Nr 12 - 2124/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

26-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-2124/1 од 03.06.2020 година, против -----------------, поранешен судија во Основниот суд во -------------,**СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот Совет на РСМ.

Предметот со број 12-2124 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, ------------- од ---------------- на ден 03.06.2020 година, поднесена е пријава за лицето -----------------, поранешен судија во Основниот суд во ------------ и оформен е предмет број 12-2124 од 2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека пред Основнот суд во ---------------- се водела судска парнична постапка со бр. П1-----/19 во која пријавителот ----------- е тужител.

Наведено е дека постапката ја водела судија -------------------- која од кога го закажала и одржала подготвителното рочиште на ден 12.02.2020 година, потоа го одложила и не го одржала рочиштето за главна расправа закажано на ден 14.04.2020 година заради состојбата со Ковид пандемијата.

Подоцна, на ден 27.05.2020 година било закажано рочиште во врска со споменатиот предмет на кој тужените страни не присуствувале, а судијата ------------- отсуството го сметала за оправдано од причина што сеуште била во тек прогласената вонредна состојба заради Ковид кризата.

Исто така судијата ------------------- на тужителот и неговиот адвокат им укажала дека наскоро ќе се пензионира, по што се очекува предметот да биде распределен за работа на друг судија во Основниот суд во -------------------.

Во врска со ова пријавителот, а и тужител во споменатата судска постапка, не е задоволен заради одолговлекувањето на процесот на одлучување, а и заради тоа што со распределбата на предметот кај друг судија би се изгубило уште подолго време.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган,по што оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на друг надлежен орган, односно во случајот Судскиот Совет на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:м-р К.З.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**